# Bonding

## Зајакнување на меѓугенерациската солидарност и учење преку градење пријателства помеѓу младите и постарите лица

БИЛТЕН #3
Август 2023

## СОДРЖИНА

Страна 2
Истражување на основите на сервисите за спријателување

Страна 5
Сет на алатки за подигање на свеста и Платформа за спријателување и вмрежување

Страна 7
Проектен тим



Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

# Истражување на основите на сервисите за спријателување

Вториот проектен резултат,
**Сервиси за спријателување: Е-курс за учење**
е финализиран и е веќе достапен на веб страната на проектот.

Може да пристапите тука!

Овие интерактивни насоки се дизајнирани за вас! Млади заинтересирани за спријателување со стари лица, зајакнете ја вашата подготвеност за воспоставување на значајни интеракции. По завршување на курсот може  да се приклучите на Програмата за менторство за понатамошна поддршка од партнерската организација во државата за **воспоставување на вашите сервиси за спријателување.**

Е-курсот е составен од **два модули:**

**Модул I:**

- Обезбедува детално објаснување на концептот за спријателување;
- Опфаќа различни модели, типови на услуги и утврдува цели;
- Ги опфаќа неговите политики, процедури, принципи и вредности;
- Се фокусира на **процесот на совпаѓање помеѓу волонтерот и постарото лице,** со оглед на нивните карактеристики, интереси и потреби.



**Модул II:**

- Навлегува подлабоко во концептот на спријателување и ги истакнува бенефициите за младите, постарите лица и заедницата како целина;
- Ги истражува елементите на силен пријателски однос, нагласувајќи ги основните вредности, ставови и квалитети на младите волонтери;
- Обезбедува насоки за ефективни техники за **воспоставување цврсти врски со постарите**, како што се комуникација, интерперсонални вештини и управување со конфликти;

Секоја лекција од модулите завршува со интерактивен прашалник кој е дизајниран за евалуација на вашето знаење и разбирање на курсот.



По завршување на курсот, ќе се стекнете со потребните алатки за да обезбедите **имплементација на високо квалитетна услуга за спријателување.**

Проектните партнери активно го тестираат е-курсот со млади и младински организации преку активностите за пилотирање. Ова е важно за евалуација на импактот од курсот и неговото користење.
Партнерите прибираат фидбек од учесниците за подобрување на јасноста, корисноста и усогласеноста на курсот со нивните потреби.



**Фидбекот е непроценлив** за подобрување на курсот и осигурување дека ги исполнува очекувањата на таргет групата.

# Сет на алатки за подигање на свеста

Ќе подготвиме **сеопфатен сет на алатки за подигање на свеста** чија цел е да го промовира значењето на меѓугенерациската солидарност и учење. Во него, ќе обезбедиме три различни групи алатки, од кои секоја е наменета за одредена таргет група: млади луѓе, постари лица и членови на нивните семејства и пошироката јавност.

Со користење на овие алатки, **ние имаме за цел да ја поттикнеме кохезијата во заедницата и да негуваме култура на грижа**, истовремено поттикнувајќи го чувството за граѓански активизам кај младите.

Секој сет на алатки ќе опфати низа материјали, вклучувајќи постери, инфографици и видеа. **Овие ресурси ќе бидат споделени во дигитален формат** на веб страната, социјалните медиуми и билтените.



Дополнително, тие ќе бидат промивирани и видно поставени во просториите на организациите, институциите и различни јавни простори.

# Платформа за спријателување и вмрежување



Конечно, воспоставената платформа за спријателување и вмрежување, ќе биде пристапна на  десктоп и мобилни уреди. **Платформата има за цел да ја олесни размената на знаење**, информации, добри практики и резултати меѓу група на млади и организации.

Ќе имате можност да ги **споделите вишите лични искуства од сервисите аа спријателување** преку различни медиуми како што се блогови, видеа, фотографии, па дури и подкасти.



Подобрувајќи ја комуникацијата и соработката, платформата ќе вклучува функција за разговор каде што ќе можете да комуницирате едни со други, во групи или на заеднички форум. Ќе биде достапна на сите јазици на партнерите, како и на англиски, и **ќе биде отворена за корисници надвор од земјите на проектот.**

# Bonding

## Проектен тим

PCG POLSKA
A PUBLIC CONSULTING GROUP COMPANY

KMOP
KINDLING A BETTER WORLD

KMOP
SKOPJE

CARDET

FUNDACIÓN INTRAS

ANS
Anziani e non solo
società cooperativa sociale

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината, која ги одразува само гледиштата на авторите, а Комисијата не може да биде одговорна за било каква употреба на информациите содржани во неа.

Заследете ја нашата Facebook страница!